РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12 - 1559/2
01 -06- 2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава од ------------------- од ------------ доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 30-тата седница одржана на 15.05.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена на 15.03.2019 година поднесена од -------------------- од ---------------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1559/1 од 15.03.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконитости во врска со Решенија за остварување на право за паричен надоместок на невработени лица - поранешни вработени лица во правен субјект Кожара -Куманово во стечај од 2003 година на кои им престанал работниот однос по основ на стечај, кои во посебна постапка согласно закон ги издава Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1559/1 од 15.03.2019 година, поради тоа што постапуваат други надлежни институции.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-1559/1 од 15.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од --------------- од --------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконитости во врска со стекнување на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок на невработени лица - поранешни вработени лица во правниот субјект Кожара -Куманово во стечај на кои им

престанал работниот однос по основ на стечај во 2003 година. Во пријавата подносителот наведува дека една група на стечајни работници -невработени лица од правниот субјект Кожара -Куманово во стечај биле известени од Центарот за вработување -Куманово дека поради промена на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС), истите не можат да остварат право на паричен надоместок согласно закон, додека друга група поранешни вработени ги исполниле условите утврдени со закон и добиле решенија за паричен надоместок.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, по разгледување на позитивната законска регулатива, пред се на Законот за материјално обебедување на невработените лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата , ДКСК го констатира следното :

Во членот 2 на споменатиот Закон наведено е дека

- невработено лице е лице кое било најмалку 15 години во работен однос во претријатие со доминантна сопственост на државата, утврден со М1/М2 обрасци, на кое му престанал работниот однос по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок во претпријатието со доминантна сопственост на државата или на кое му престанал работниот однос по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок по приватизација на претпријатието кое претходно било во доминантна сопственост на државата, под услов истиот истиот да бил заснован додека претпријатието било во доминантна сопственост на државата и при приватизацијата да не дошло до промена на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС) согласно со закон.

Согласно споменатиот Закон, Владата на Република Северна Македонија преку Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија е задолжена да обезбеди список со податоци на претпријатијата во кои Република Северна Македонија се јавува за доминантен сопственик на капиталот и за претпријатијата со доминантна сопственост на државата кои биле приватизирани, а во кои не дошло до промена на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС) и истиот се доставува до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Агенцијата за вработување на РСМ правото за паричен надоместок на барателите им го утврдува по прием на поднесените барање за остварување на ова право, врз основа на податоците содржани во списокот поднесен до Агенцијата за вработување на РСМ од страна на Владата на Република Северна Македонија преку Централниот регистар на РСМ. По приемот на барањата, Агенцијата за вработување на РСМ утврдува дали барателите ги исполнуваат со закон утврдените услови и врз основа на податоците добиени од Централниот регистар на РСМ донесува решенија за паричен надоместок на невработени лица.

Оттука, произлегува дека во целокупната постапка на утврдување на правото на паричен надоместок постапуваат повеќе институции кои во рамките на своите законски надлежности преземаат конкретни дејствија со цел поранешните вработени во претпријатијата со доминантна сопственост на државата, а сега невработени лица, да остварат право на материјално обештетување доколку ги исполнуваат со закон утврдените услови.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Горан Трпеноски, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**